# CORE - СЕТ АЛАТКИ

# КУРИКУЛУМ ЗА ОБУКА НА СОВЕТНИЦИ ЗА PROFILPASS - ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

## ПРОЦЕНКА НА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА



ProfilPASS CORE

Erasmus+

# CORE- Сет алатки

## КУРИКУЛУМ ЗА ОБУКА НА СОВЕТНИЦИ ЗА PROFILPASS – ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

Проценка на КОмпетенции за РЕинтеграција

Курикулумот за обука на советници за *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* беше развиен како дел од CORE-сетот алатки во рамките на ЕУ проектот CORE “проценка на КОмпетенции за РЕинтеграција”, кој започна во октомври 2019. Проектот CORE е наменет за советници што работат со млади возрасни лица кои не се ниту во работен однос ниту пак се во образование или обука (NEET; Кратенка од англискиот Not in Employment, Education or Training) и ги извлекуваат во прв план нивните потенцијали и интереси за развој на компетенции и им помагаат (повторно) да влезат во образование и/или да се вработат.

Проектот го спроведува „Германскиот Институт за Образование на Возрасни – Лајбниц центар за доживотно учење“ како координатор, во соработка со партнерски организации од Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Србија и Словенија. Продуктите развиени во рамките на овој проект како и дополнителни информации се достапни бесплатно на веб страницата на проектот:
https://core.profilpass-international.eu/

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не значи и поддржување на содржината и истата ги рефлектира само ставовите на авторите, така што Комисијата не сноси одговорност за користењето на информациите што таа ги содржи.

Овој проект е финансиран од Европската комисија преку програмата Еразмус+ (KA204 – Стратегиски партнерства за образование на возрасни)

Код на проектот: 2019-1-DE02-KA204-006193

CORE-курикулумот од проектот CORE е лиценциран како
CC BY-SA 4.0

Изработено во септември 2020

Илустрација на корицата:
Малена Бранд

Графичка подготовка и илустрации:
Борис Ристовски

Координатор на публикацијата:
Здружение за развој на компетенции “S.K.I.L.L.S.”

# Содржина


» **1. Проектот CORE: Основни информации . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .5**

» 1.1. Целни групи на проектот CORE 5

» **2. Курикулумот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6**

» 2.1. Теми и исходи од учењето 6

» 2.2. Модул 1: Ден 1, 2 и 3 8

» 2.3. Онлајн менторирање 1 16

» 2.4. Модул 2: Ден 4, 5 и 6 16

» 2.5. Онлајн Мониторинг 2 21

» **3. CORE- Сет алатки. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .21**

» **4. Прирачник за советници . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .23**

# 1. Проектот CORE: Основни информации

Проектот CORE е наменет за советници што работат со млади возрасни кои не се вработени а не се ниту во образование или обука (таканаречени NEETs – Not in Employment, Education or Training) и ги извлекуваат во прв план нивните потенцијали и интереси за развој на компетенции, со цел да им помогнат (повторно) да влезат во образование и/или да се вработат.

Целта на проектот CORE е да ги поддржи советниците во нивната работа и да го унапреди идентификувањето на компетенциите кај младите NEET со цел да се вратат во образование или пак да се вработат.

Од оваа причина беше создаден CORE-сетот алатки за да се поддржи проценката на компетенциите на категоријата NEET млади. Алатките кои се собрани во сетот ќе бидат користени од советниците, обучувачите или пак од самите NEET млади. Централен елемент на CORE – сетот алатки е *ProfilPASS – започни ја својата кариера!.*

Дополнително, во рамките на проектот беше изработен овој курикулум, како и Прирачникот за советници.

» **CORE – курикулумот е наменет за тренери на советници како и за самите советници кои би сакале да научат повеќе за обука на советници и образование.**

## 1.1. Целни групи на проектот CORE

Многу **млади возрасни во Европа не се ниту вработени, ниту пак се во образование и обука (NEETs)**. За овие луѓе е од суштинско значење брзо да го најдат патот (назад) кон образованието и/или во вработувањето за да се превенираат негативни долгорочни последици. Кон специфичните предизвици со кои се соочуваат младите NEET возрасни спаѓа нивното генерално чувство на некомпетентност, поради миграција, напуштање на школувањето, сиромашни економски и социјални околности, семејни односи, ограничен пристап до информации и рурално опкружување. Веројатно е дека семејствата на овие млади возрасни лица имаат долга традиција на ниско ниво на образование и висока невработеност, непрепознаена попреченост за учење или пак „фобија од образование" која потекнува од гледиштето дека формалното образование е пропаст.

Сите овие, но и многу други околности се причина зошто е важно за претставниците на оваа категорија не само да станат свесни за своите компетенции туку и тие да им бидат проценети и признаени.  Овие компетенции честопати се стекнуваат преку активности дома, во слободното време, со семјството и пријателите или пак преку секојдневно учење. Ова ќе им биде од помош, не само да најдат работа која најмногу одговара на нивниот профил на компетенции, туку и да ја зголеми нивната самодоверба и да ги охрабри (повторно) да земат учество во социјалното и економското живеење.

Главната бариера за пристапот на младите возрасни до професионално образовно советување во земјите од регионот на Балканот (Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Србија и Словенија) е недостатокот од **структури за советување и од советници**. Затоа, проектот CORE цели

кон подготовка на советници за работа со оваа целна група и нивна поддршка преку развивање на практичен сет од алатки за советување. Некои од предизвиците со кои честопати се соочуваат советниците во земјите од Балканот е пристапот до целната група на млади NEET возрасни, како и високиот ризик за осипување/напуштање на процесот на советување и/или недоверба во исходот од советувањето. Решение за ова може да биде прилагодување на механизмот на советување кон потребите на индивидуата, обезбедување транспарентност за причините, важноста и придобивките од советувањето и од проценката на компетенциите, постојаното работење на релацијата базирана на доверба меѓу советникот и советуваното лице, како и флексибилноста и адаптабилноста во работењето со млади возрасни NEET лица.

# 2. Курикулумот

Курикулумот изработен во рамките на проектот CORE е наменет за обучувачи на советници како и за самите советници кои би сакале да научат повеќе за обуката и образованието на советниците за изведување на тренинг за советници. Курикулумот е поделен на два модули, од кои што секој трае по три работни дена и има дополнителна компонента што се состои од онлајн менторство по секој од модулите.

Ова поглавје ќе обезбеди преглед на темите и исходите од учењето кои се опфатени од курикулумот. Следејќи ги нив, активностите од курикулумот ќе бидат опишани табеларно, хронолошки, од Ден 1 од Модул 1, преку Онлајн менторство 1, Модул 2 и Онлајн менторство 2. Овој курикулум е замислен да се применува со физичко присуство и да се изведува од страна на двајца тренери.

## 2.1. Теми и исходи од учењето

Курикулумот ги покрива следниве теми и исходи од учењето:

## 1. ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ, СТЕКНУВАЊЕ КОМПЕТЕНЦИИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА НИВНО ИДЕНТИФИКУВАЊЕ

1.1. РАЗБИРА И ОБЈАСНУВА РАЗЛИЧНИ ФОРМИ НА УЧЕЊЕ (ФОРМАЛНО, НЕФОРМАЛНО, ИНФОРМАЛНО)

1.2. ГО РАЗБИРА ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ И НЕОПХОДНОСТА ОД НЕГО

1.3. ЈА ЗНАЕ И ЈА ОБЈАСНУВА ЦЕЛТА И СТРУКТУРАТА НА ProfilPASS - ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

1.4. ГИ ОБЈАСНУВА КОНЦЕПТИТЕ НА ПРИМЕНА НА ProfilPASS - ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

## 2. РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНЦИИ, КОНЦЕПТ И ЕЛЕМЕНТИ НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ (ЗНАЕЊЕ, ВЕШТИНИ СТАВОВИ), КЛУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ (ЕВРОПСКА РАМКА), СТЕКНУВАЊЕ КОМПЕТЕНЦИИ

2.1. ГО РАЗБИРА КОНЦЕПТОТ НА КОМПЕТЕНЦИЈА И КЛУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ

2.2. ГИ РАЗЛИКУВА ЕЛЕМЕНТИТЕ НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ И ГИ ПОВРЗУВА СО ProfilPASS - ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

2.3. ГИ ИДЕНТИФИКУВА ФАКТОРИТЕ ШТО ВЛИЈААТ ВРЗ СТЕКНУВАЊЕТО КОМПЕТЕНЦИИ

2.4. ПРИМЕНУВА ЗНАЕЊЕ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ, ФОРМИ НА УЧЕЊЕ, ЕЛЕМЕНТИ НА КОМПЕТЕНЦИИ, ПРОФИЛИ НА КОМПЕТЕНЦИИ

## 3. ПРОФИЛ НА КОМПЕТЕНЦИИ НА СОВЕТНИЦИ И УЛОГАТА НА СОВЕТНИЦИТЕ

3.1. ГО ИДЕНТИФИКУВА ЗНАЕЊЕТО, ВЕШТИНИТЕ И СТАВОВИТЕ НЕОПХОДНИ ЗА УСПЕШНО ИЗВЕДУВАЊЕ НА СОВЕТУВАЧКАТА РАБОТА

3.2. ГО ОПИШУВА ПРОФИЛОТ НА КОМПЕТЕНЦИИ НА СОВЕТНИКОТ

3.3. ГИ РАЗБИРА ЗАДАЧИТЕ НА СОВЕТНИКОТ

3.4. ЈА РЕФЛЕКТИРА УЛОГАТА НА СОВЕТНИКОТ

3.5. ГИ РАЗЛИКУВА НАЧИНИТЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ КОМПЕТЕНЦИИ

## 4. КОМУНИКАЦИЈАТА И НЕЈЗИНАТА ВАЖНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА СВОЕТУВАЊЕ СО ПОМОШ НА PROFILPASS

4.1. ГО РАЗБИРА ПРОЦЕСОТ НА КОМУНИКАЦИЈА, ГО ОБЈАСНУВА И САМОСТОЈНО ГИ ИДЕНТИФИКУВА НЕГОВИТЕ ЕЛЕМЕНТИ

4.2. ОБЈАСНУВА ОД ШТО ЗАВИСИ КВАЛИТЕТОТ НА КОМУНИКАЦИСКИОТ ПРОЦЕС

4.3. ГИ ИДЕНТИФИКУВА ЕЛЕМЕНТИТЕ НА ВЕРБАЛНАТА, НЕВЕРБАЛНАТА И ПАРАВЕРБАЛНАТА КОМУНИКАЦИЈА, ГО РАЗБИРА И ГО ДЕФИНИРА НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ, ГО РАЗБИРА И ГО КОРИСТИ Т.Н. halo effect

4.4. ГИ ЗНАЕ ЕЛЕМЕНТИТЕ НА АКТИВНО СЛУШАЊЕ, ГО ИДЕНТИФИКУВА АКТИВНОТО СЛУШАЊЕ КАКО ЕДНА ОД ОСНОВНИТЕ ВЕШТИНИ НА СОВЕТНИЦИТЕ

4.5. РЕФЛЕКТИРА И АРГУМЕНТИРА ЗА ЕЛЕМЕНТИТЕ НА АКТИВНО СЛУШАЊЕ

4.6. РЕФЛЕКТИРА ЗА СЕБЕ И СВОЈОТ НАЧИН НА КОМУНИКАЦИЈА

4.7. РАЗВИВА МЕТА - НИВО НА ОБСЕРВАЦИЈА НА ПРОЦЕСОТ НА СОВЕТУВАЊЕ

## 5. МЕТОДИ НА СОВЕТУВАЊЕ

5.1. ГИ ПРЕПОЗНАВА ЧЕТИРИТЕ ОСНОВНИ ЧЕКОРИ НА ProfilPASS - ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

5.2. РАЗЛИКУВА РАЗЛИЧНИ ТИПОВИ НА ПРАШАЊА, ЈА РАЗБИРА УЛОГАТА НА РАЗЛИЧНИТЕ ВИДОВИ ПРАШАЊА

5.3. ГИ РАЗБИРА ПРИДОБИВКИТЕ ОД ПИШУВАЊЕ, ВИЗУАЛИЗИРАЊЕ, ДВИЖЕЊЕ И РАСКАЖУВАЊЕ ПРИКАЗНИ ВО РАБОТАТА СО ProfilPASS - ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

5.4. РАЗВИВА СВОЈ СИСТЕМ ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

5.5. ЈА РАЗБИРА ВАЖНОСТА НА ПОСТАВУВАЊЕТО ГРАНИЦИ ПРИ СОВЕТУВАЊЕТО

5.6. ПРАВИ РАЗЛИКА ПОМЕЃУ ДИРЕКТИВНИ И НЕДИРЕКТИВНИ ПРИСТАПИ ВО СОВЕТУВАЊЕТО И ПОМЕЃУ НИВНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ

5.7. ЗНАЕ СИСТЕМАТСКИ ДА ПРИСТАПУВА КОН СОВЕТУВАЊЕТО

## 6. ТЕХНИКИ ЗА РАБОТА СО PROFILPASS - ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

6.1. РЕФЛЕКТИРА ЗА ПРОЦЕСОТ НА СОВЕТУВАЊЕ И КОМПЕТЕНЦИИТЕ И УЛОГАТА НА СОВЕТНИЦИТЕ И ГИ РАЗБИРА ЗАДАЧИТЕ НА СОВЕТНИЦИТЕ

6.2. ИМЕНУВА И ОПИШУВА АКТИВНОСТИ ВО ProfilPASS - ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

6.3. УСПЕШНО УСОВРШУВА ВЕШТИНИ

6.4. УСПЕШНО РАЗЈАСНУВА ЕВАЛУАЦИЈА

6.5. ГО КОНТРОЛИРА ПРОЦЕСОТ НА СОВЕТУВАЊЕ

6.6. ГО ПОЗНАВА И ГО КОРИСТИ CORE-СЕТОТ АЛАТКИ

6.7. ПРАКТИЧНО ЈА РАЗЈАСНУВА СТРУКТУРАТА И НАМЕНАТА НА ProfilPASS - ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

6.8. ЗА ВРЕМЕ НА СОВЕТУВАЊЕТО ПРИМЕНУВА РАЗЛИЧНИ ТИПОВИ НА ПРАШАЊА

6.9. КОРИСТИ РАЗЛИЧНИ ТЕХНИКИ, МЕТОДИ И ПРИСТАПИ ЗА РАБОТА СО ProfilPASS - ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!

## 2.2. Модул 1: Ден 1, 2 и 3

### Ден 1: Цели и активности

Цели на ден 1:

- Да се создаде пријатна атмосфера,
- Учесниците да се запознаат, да се загреат, опуштат, да се запознаат со програмата за обуката и
- Учесниците ја знаат и ја објаснуваат целта и структурата на *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* ги препознаваат четирите основни чекори на ProfilPASS.


Erasmus+
ProfilPASS CORE

| АКТИВНОСТ | ***ФЕСТИВАЛ НА ПРЕТПОСТАВКИ*** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Обучувач 1 ја води работилницата и изведува заклучок на крајот, како и зошто претпоставуваме, притоа користејќи примери за точни и неточни претпоставки од учесниците. Доколку бројот на учесници е непарен, Обучувач 2 се вклучува како учесник. |
| **Методи и напатствија** | Учесниците се делат во парови – критериум за распределбата е лицата во парот да не се познаваат.<br><br>Тие разговараат меѓусебно во времетраење од 3 минути (секоја по 1.5 мин) на следниов начин: секој од соговорниците прави претпоставки за другиот (омилена боја, преференци, таленти, професија итн.). другиот слуша без притоа да коментира, обидувајќи се дури ни невербално да не оддаде дали претпоставката е точна или не.<br><br>Потоа, во пленум, секој го претставува својот соговорник следствено на своите претпоставки и тогаш соговорникот изјавува што од тоа е точно а што погрешно. Учесниците седат во полукруг поделени по парови (2.5 минути време е достапно за двајцата да си се претстават еден на друг). Еден од соговорниците седи додека другиот стои, држејќи ја својата рака на рамото на тој што седи и го претставува својот соговорник во времетраење од една минута. Другиот на групата и' кажува која од претпоставките е точна а која не, за потоа тие да си ги заменат улогите. Доколку двајцата обучувачи не учествуваат, или доколку само еден од нив учествува, откако сите учесници ќе се претстават, и обучувачите можат да кажат по збор – два за себеси. |
| **Време** | 1 час |
| **Забелешки** | Активноста може да се релаизира само во првиот модул и тоа само доколку учесниците не се познаваат меѓусебно.<br><br>Материјали: Хартија/картички и пенкала за учесниците доколку фаќаат забелешки. На флипчарт хартија се запишува потсетник за вежбата:<br>» Претпоставувам дека имаш xy години<br>» Претпоставувам дека имаш/немаш деца<br>» Претпоставувам дека работиш во..<br>» Претпоставувам дека по професија си...<br>» Претпоставувам дека твојата омилена боја е...<br>» Претпоставувам дека си на овој семинар поради...<br>» Претпоставувам дека си од....<br><br>За време на модулот или пак во следните денови, учесниците се потсетуваат на активноста „Фестивал на претпоставките“ секогаш кога е потребно да се нагласи моќта и делузијата на претпоставката во процесот на советување. |

| АКТИВНОСТ | ***МОИТЕ ОЧЕКУВАЊА*** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Обучувач 2 води, визуелизира и сумира |
| **Методи и напатствија** | Учесниците ги запишуваат на картички нивните претпоставки за она што ги очекува во рамките на обуката и ги закачуваат на табла. Обучувачите ги коментираат претпоставките на учесниците, ги воведуваат во концептот на програмата за обуката ги дискутираат со учесниците правилата на работа. Правилата за работа се запишани на флипчарт табла, а доколку обучувачите сметаат дека нешто многу важно било изоставено (на пример исклучување на звонењето на мобилните телефони) предлагаат тоа да биде додадено на списокот на правила. Ги закачуваат правилата на видливо место во салата каде што се одвива обуката. |
| **Време** | 30 минути |
| **Забелешки** | Материјали: плутана табла, хартиени картички, маркери, флипчарт хартија, леплива трака |

| АКТИВНОСТ | ***PROFILPASS: СТРУКТУРА И НАМЕНА*** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Обучувач 1 ја објаснува задачата (10 минути) а двајцата обучувачи се достапни за прашањата на учесниците и за дополнителни објаснения, обучувачите се движат до секоја од групите, ги слушаат дискусиите, интервенираат доколку се јави потреба, даваат појаснувања и ја поддржуваат групната работа. |
| **Методи и напатствија** | Учесниците се поделени во 5 групи (во секоја група има по три учесници од различни земји). Секоја група треба да проучи еден дел од ProfilPASS и да се усогласи како да пристапи и да им го објасни на другите учесници (помошни прашања: на што се однесува, како е структуриран, кој е посакуваниот резултат од процесирањето на тој дел од ProfilPASS, зошто постои...) Начинот на претставување зависи од фантазијата и креативноста на членовите од работната група (текстуална визуелизација, цртеж, драма, симулација на интервју, PPT презентација...). На располагање им се сите материјали.<br><br>Секоја група има обврска да го проучи воведниот дел (вовед, како се користи ProfilPASS и Поимникот), а потоа:<br>» Група I: Мојот живот<br>» Група II: моите активности;<br>» Група III: моите квалитети и моите компетенции;<br>» Група IV: Мојата иднина;<br>» Група V: Моите апликации и документи.<br><br>Групите можат да работат каде што сакаат, трудејќи се да не си пречат едни на други, можат да комуницираат меѓусебно, а обучувачите се присутни цело време; се препорачува членовите од групите да ручаат заедно за да ја продолжат дискусијата и да развијат идеи за време на ручекот.<br><br>Презентација во пленум: Секоја група на располагање има 20 минути (5 мин за подготовка, 10 минути за презентација, 5 минути за прашања, одговори и појаснувања); пауза по три групни презентации. |
| **Време** | 3.5 часа (вклучувајќи 1 час за ручек, се препорачува групите да ручаат заедно) |
| **Забелешки** | Материјали: Доволен број примероци од ProfilPASS (најмалку по 1 примерок по група), и/или по 1 за секој учесник; кутија со алатки за обучувачите (боички, пенкала со мек врв, волнена топка, лепак, ножички, додатоци кои ја стимулираат креативноста на учесниците), плутани табли, флипчарт хартија. |

## Ден 2: Цели и активности

Цели на Ден 2:

- » Учесниците ги идентификуваат знаењето, вештините и ставовите потребни за успешното изведување на советувачката работа,
- » Учат како да го опишуваат профилот на компетенции на советникот,
- » Разликуваат елементи на компетенции и ги поврзуваат со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*,
- » Можат да применуваат знаења за доживотното учење, формите на учење, елементите на компетенциите и профилите на компетенции,
- » Препознаваат фактори што влијаат на стекнувањето компетенции,
- » Го толкуваат концептот на компетенции и клучни компетенции, и
- » Ги разбираат задачите на советникот и рефлектираат за улогата на советникот.

| АКТИВНОСТ | ***ПРОФИЛ НА КОМПЕТЕНЦИИ НА СОВЕТНИКОТ*** |
| --- | --- |
| **Задачи на обучувачите** | Обучувач 1 ја најавува вежбата и ја води дискусијата а обучувач 2 помага во дискусијата и ги става картичките на матрицата. |
| **Методи и напатствија** | По потсетувањето на претходниот ден и структурата на ProfilPASS, обучувачот 1 ги замолува учесниците индивидуално да размислат за тоа каков треба да биде нивниот советник за да ги води успешно низ ProfilPASS, чијашто структура им беше претходно претставена.<br><br>Учесниците треба да замислат идеален советник, онаков каков што тие би сакале, оној кој ним би им одговарал, и да ги запишат неговите доблести. Учесниците го запишуваат на картички она што сметаат дека е неопходно за советникот успешно да ги спроведе низ процесот на советување со помош на ProfilPASS (можат да ја користат книгата ProfilPASS).<br><br>Картичките се поставуваат на плутана табла, каде што е нацртана матрицата на компетенции. Секоја од картичките се дискутира пред да биде позиционирана. Можно е да се испишуваат дополнителни картички за време на дискусијата. Во оваа вежба, на учесниците им се дава можност самостојно да ги идентификуваат компетенциите на советникот, и да проценат како тие гледаат на работата на советникот. Целта на вежбата е да се развие модел на компетенции на советници, врз основа на информациите добиени од учесниците, кој се состои од следниве димензии:<br><br>1. Вештини, знаења и ставови поврзани со организацијата и дизајнот на процесот на советување (Тип: професионален, личен, методолошки)<br>2. Вештини, знаења и ставови поврзани со (професионалниот) однос со советуваното лице (Тип: друштвен, личен)<br>3. Вештини за авто-рефлексија (Тип: личен, методолошки, професионален)<br>4. Вештини, знаења и ставови поврзани со контекстот во кој се изведува работата (Тип: личен, друштвен, професионален)<br><br>Оставете ја матрицата на видливо место во работниот простор до крајот на модулот. |
| **Време** | 1 час 15 минути |
| **Забелешки** | Помошни прашања: Каков треба да биде советникот? Што тој/таа треба да знае? Како треба да се однесува? Што треба да разбуди во тебе? Што му е потребно за тоа? На каков начин треба да зборува со тебе?<br><br>Материјали: табла, маркери, картички. Напишете на доволен број картички во 3 бои: ВЕШТИНА; СТАВ; ЗНАЕЊЕ. Откако картичките пополнети од страна на учесниците се поставени во матрицата, обидете се заедно со учесниците да дефинирате, кој елемент од компетенцијата е секоја од нив (вештина, знење, став). Секој елемент од компетенцијата обележете го со картичка во различна боја. |

| АКТИВНОСТ | *РЕФЛЕКТОР НА ОДГОВОРНОСТ* |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Обучувач 1 ја води дискусијата, обучувач 2 го води Рефлекторот |
| **Методи и напатствија** | Подготовка: пред почетокот на вториот ден, направете 3 полиња на подот со самолеплива трака (залепете две паралелни траки). Позади првата трака има парче хартија на кое пишува „не се согласувам"; во средината помеѓу двете траки нема натпис а под втората трака „се согласувам".<br><br>Процедура: Врз основа на знаењето што учесниците го имаат за структурата на ProfilPASS, и врз основа на изработениот профил на компетенции на советникот, обучувач 1 води дискусија со учесниците за нивните размислувања околу тоа кои се задачите на советникот во процесот на советување со ProfilPASS.<br><br>По воведниот разговор и дискусија, обучувач 2 го води Рефлекторот на одговорност. Леплива трака е поставена на подот и на едниот крај стои натписот „Се согласувам" а на другиот „не се согласувам". Додека обучувач 2 гласно чита изјави од слајдовите, учесниците треба да одговорат, застанувајќи или на едниот, или на другиот крај, или пак неаде помеѓу. Секоја изјава/одговор се дискутира со учесниците откако тие ќе се позиционираат. На секој учесник му се дава простор да дискутира и да го изрази своето видување во врска со ставовите на Мартин Велер.<br><br>Вежбата се затвора со пораката дека најважното нешто во советувањето е да се усоврши комуникацијата и дека учесниците во следните содржини од обуката ќе имаат прилика да ја допрат таа тема. |
| **Време** | 30 минути |
| **Забелешки** | Се цени коментарот на секој од учесниците а по потреба се споменува повторно; фазите на советување и обврските на обучувачите се разјаснуваат преку фазите на советување. |



Erasmus+ ProfilPASS CORE

| АКТИВНОСТ | ***МОСТОТ*** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Обучувач 1 ја води вежбата а обучувач 2 набљудува, фотографира или пак снима; да се обрне внимание на „подредувањето“ на мостот. |
| **Методи и напатствија** | Цел: Нагласување на важноста на различните методи на комуникација и различните начини на набљудување<br>Подготовка: се користи леплива трака за да се обележи просторот на подот (25 – 30 цм ширина) по должина на просторијата (околу 9 метри за 15 учесници). Доколку просторот не ја дозволува таа должина, тогаш може да се направат два „покуси“ моста и учесниците во тој случај ќе бидат поделени во 2 групи). Овој простор го претставува мостот што води преку реката.<br>Процедура: Се замолуваат сите учесници да застанат на мостот, по било кој редослед. Потоа, им се дава задача да се прегрупираат на мостот според определени критериуми, на пр. според возраст (од најмладиот до најстариот), по првата буква од името, по месецот на раѓање, според работниот стаж итн. При прегрупирањето не е дозволено „слегување“ од мостот.<br>На учесникот кој „ќе стапне во вода“, првиот пат му се врзуваат очите. Ако повторно „стапнат во вода“, стануваат „неми“ (не им е дозволено да зборуваат но можат да комуницираат на други начини). Ако некој од учесниците „стапне во вода“ трет пат, соседот од десна страна (во тој момент!) добива прекривка преку очите. Специјални услови во поглед на просторот во кој се изведува вежбата: доволно простор за „градење“ мостови. Се препорачува да се потргнат настрана столчињата и масите за да се избегнат можни повреди.<br>За обучувачите: одлична метода како вовед во темата „комуникација“. Задолжителен фидбек на крајот од вежбата, (авто)рефлексија околу тоа кои методи на комуникација ги користеле учесниците. |
| **Време** | 30 минути |
| **Забелешки** | Да се обрне внимание на „слепите“ учесници кои многу полесно губат рамнотежа и да се обезбеди простор за да се превенираат повреди. Ова е вежба со интензивен физички контакт.<br>Материјали: леплива трака, марами за преку очи, пирани од хартија |

## Ден 3: Цели и активности

Цели за Ден 3:

- Учесниците разбираат и објаснуваат различни компоненти при комуникацијата
- ја знаат структурата на *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*,
- ги разбираат задачите на советниците и
- развиваат обсервација на процесот на советување на мета - ниво

| АКТИВНОСТ | **„ЛАЛИЊА И ТУЛИПАНИ“ (СИНОНИМИ ЗА ЛАЛЕ)** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Обучувачите заеднички набљудуваат и фасилитираат. Обучувачите треба да обрнат особено внимание на идентификувањето на елементите за активно слушање и невербална комуникација. |
| **Методи и напатствија** | Учесниците се делат во две групи  - лалиња и тулипани и се замолуваат да застанат во различни делови од просторијата.<br><br>Еден од обучувачите ја напушта просторијата со Лалињата и им ги дава следниве инструкции:<br>» Кога ќе се вратите во просторијата, седнете на местото каде што седевте<br>» Што и да прави вашиот соговорник, имате задача да го игнорирате<br>» Сè додека не го слушнете звончето, видно треба да го игнорирате соговорникот<br>» Размислете малку околу тоа како ќе оставите впечаток на личност која игнорира некого, кои се невербалните и вербалните знаци кои ќе му ги испратите на соговорникот<br>» Откако ќе го чуете звончето, вклучете се во разговорот како активен слушател<br>» По звонењето, соговорникот мора да почувствува разлика во вашето однесување<br>» Размислете на кој начин ќе му дадете до знаење на соговорникот дека внимателно слушате<br><br>Вториот обучувач останува со Тулипаните во просторијата и им ги дава следниве инструкции:<br>» Тие треба најпрво да ги променат местата на седење, што во исто време ќе значи промена на соговорник, бидејќи Лалињата ќе си седнат на своите места<br>» Потоа треба да размислат за приказна што ќе им ја раскажат на соговорниците кој ќе влезат секој момент (некоја интересна случка, искуство што ги импресионирало, обука што ја посетиле а им оставила убав или лош впечаток, работа што ја работеле во студентските денови, интересни нешта што ги научиле, како изгледа еден нивен работен ден или слично)<br>» Раскажувањето треба да трае 5 минути<br><br>Откако ќе влезат Лалињата, дајте им 2.5 минути да ги игнорираат Туплипаните а потоа дадете сигнал со звонче и потсетете ги Лалињата на инструкциите што ги добија надвор. Дајте уште 2.5 минути за разговор.<br><br>Задолжителна дискусија: Што се случуваше, како се чувствувавте?<br><br>Двете групи прават свои обсервации. Дајте доволно време за фидбек дискусија. |
| **Време** | 1 час |
| **Забелешки** | Доколку има непарен број учесници, еден од учесниците добива улога на набљудувач (На крајот од вежбата тој ќе може да даде фидбек – на тој начин тој учи да развива мета-ниво и да го следи процесот на поинаков начин, а не само од своја сопствена перспектива). Еден од обучувачите ја напушта просторијата со Лалињата а вториот останува во неа со Тулипаните. По вежбата, учесниците седнуваат во полукруг и дискутираат што забележале. Учесникот – набљудувач дава специјален фидбек. |


Erasmus+ ProfilPASS CORE

| АКТИВНОСТ | ***СИМУЛАЦИЈА НА СОВЕТУВАЊЕ – ЖИВОТНА ЛИНИЈА*** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачи-те** | Обучувачите заеднички набљудуваат и фасилитираат |
| **Методи и напатствија** | Подготовка: Животната линија се изведува во просторијата – вклучува:<br><br>а) движење на советуваното лице и б) движење на картите од место на место. По кус воведен разговор во кој се дефинира мотивот на советуваниот, советникот прашува дали е во ред да разговараат за неговиот досегашен живот и да се обидат заедно да го претстават на животната линија поставена во просторијата.<br><br>На подот се поставени две големи карти на кои се испечатени знаците + и – а меѓу нив е псотавено јаже (што ја симулира животната линија од ProfilPASS.<br><br>Процедура: Обучувач 1 појаснува дека заедно со другиот обучувач ќе изведат советувачка секвенца во која едниот ќе биде во улога на советникот додека пак другиот во улога на советувано лице. На учесниците треба да им се нагласи дека е многу важно да се водат белешки за време на советувањето и да се обрне внимание на се' што беше споменато во претходните два дена (вербална и невербална комуникација, улогата на советникот, активно слушање итн.). Советувачката сесија  може да трае 30 минути, по кој обучувачите можат накусо да опишат како им било додека пак учесниците ќе ги изнесат своите обсервации во следниот блок, по ручекот.<br><br>Советникот поставува прашања поврзани со случки од минатото: што прво ти паѓа на ум кога помислуваш на твоето минато? Што помниш од минатото? На кои случувања од твоето минато беше горд на себеси?<br><br>Советникот го запишува на картичка настанот кој е наведен и ја става на подот. Советуваното лице се замолува да зборува за настанот и да ја постави картичката и јажето така што тие индицираат дали настанот бил негативен или позитивен.<br><br>Советникот ги поставува следниве прашања: Што правеше тогаш? Ако случката е негативна – како се справи со/како ја реши таа ситуација? Ова се запишува на картички и советуваното лице се замолува да ги постави околу настанот.<br><br>На овој начин се процесираат најмногу 3 настани – позитивни или негативни. Потоа се поставуваат прашањата: Каде си денес? Помести го јажето и покажи во кој дел од скалата се наоѓаш денес. Што ти помогна за да бидеш на тоа место денес? Навратите се на минатите случки и погледни ги своите ресурси (вештини, знаења, ставови) кои стојат веднаш до тие случки.  Премести ги своите ресурси (картички со знаење, вештини и ставови) кои ти помогнаа порано во минатото за позицијата каде што се наоѓаш денес. Што сакаш да постигнеш денес? Со кој предизвик се соочуваш? Дали мислиш дека некој од ресурсите што ги поседуваш може да ти биде од помош?<br><br>Секвенцата се завршува кога советникот ќе најави дека подоцна, во ProfilPASS ќе зборуваат во детали за некои од овие настани и можеби ќе воочат уште ресурси кај советуваното лице. |
| **Време** | 1 час |
| **Забелешки** | Материјали: 30 метарско јаже, картички (најдобро да се округли, во 2 бои) и тоа 5 поголеми (Ø 18 cm) и околу 15 помали (Ø 12 cm), пенкало со мек врв. |

## 2.3. Онлајн менторирање 1

Во своите национални тимови од тројца членови, учесниците продолжуваат да работат по своето враќање дома во земјите. Секој учесник треба целосно да го пополни поглавјето „Мојот живот“ во нивниот *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*. Учесниците ротираат во улогите на советник, советувано лице и набљудувач сè додека секој од нив не го пополни поглавјето „Мојот живот“. Доколку се од ист град, советувањето можат да го прават лично. Ако доаѓаат од различни градови, можат да се советуваат онлајн (користејќи апликации како Zoom и Acrobat Reader). Откако секој учесник ќе го пополни поглавјето, тие му рапортираат на обучувачот во 60-минутна претходно договорена онлајн сесија.

Обучувачот разговара со учесниците за да охрабри дискусија околу тоа какви се искуствата со пополнувањето на погавјето „Мојот живот“, да го поттикне набљудувачот да зборува и да ја охрабри авто-рефлексијата кај советникот. Особено се охрабрува меѓусебен фидбек. Дискусијата е полуструктурирана конверзација така што секој учесник има еднаков удел во време и простор за да ги изложи своите обсервации во рамките на предвидениот 1 час. Обучувачот дава фидбек, сумира и свртува внимание на нешта што учесниците можеби ги испуштиле и сугерира алтернативни методи за пристапување кон подготовка за поглавјето „Мојот живот“.

## 2.4. Модул 2: Ден 4, 5 и 6

### Ден 4: Цели и активности

Цели за Ден 4:

» Учесниците развиваат свој систем за водење белешки
» Препознаваат различни типови прашања и практично применуваат различни видови на прашања за време на советувањето
» Разликуваат елементи од компетенции и ги поврзуваат со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*,
» Рефлектираат за улогата на советникот,
» Ги препознаваат 4-те чекори од *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* и ја користат неговата структура како рамка за советување и
» Го контролираат процесот на советување.

| АКТИВНОСТ | *СИМУЛАЦИЈА НА СОВЕТУВАЊЕ – ПОЛЕ НА АКТИВНОСТИ* |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Обучувач 1 ја презема улогата на советник додека пак обучувач 2 е во улога на советувано лице. Советувањето се ограничува на 25-30 минути. Обучувачите се консултираат меѓусебно пред почетокот на вежбата дали треба посебно да се стави акцент на нешто поврзано со напредокот што го согледале кај учесниците. |
| **Методи и напатствија** | Обучувач 1 ги замолува сите учесници да влезат во улога на набљудувачи и да ги запишат своите согледувања во поглед на тоа кои помошни вештини ги користат обучувачите во симулацијата. Пред самиот почеток на вежбата, обучувачите ги потсетуваат учесниците на делот од ProfilPASS во кој се опишуваат активностите и објасуваат дека ќе изведат демонстрација на советување за едно од тие полиња.<br>Се изведува симулацијата, односно демонстрацијата на секвенца од советување. Дискусијата што ќе следи треба да е фокусирана на четирите чекори од ProfilPASS, притоа разликувајќи делови од компетенциите (знаење, вештини и ставови), поставувајќи различни прашања и пластично објаснувајќи преку примери од демонстрираното советување што може да се постигне преку секој од различните видови на прашања.<br>Добро би било да се сними демонстрацијата на секвенца од советување изведена од обучувачите. Додека едниот обучувач ја води дискусијата, другиот обучувач го прегледува видеото и посочува на клучни моменти поврзани со дискусијата. Снимката може да се користи и за да се укаже на одредена тема, особено советуваното лице за одредени теми, да се анализираат реакциите на советникот и на советуваното лице, па дури и можности што ги испуштил советникот, а за кои не треба да се молчи (учиме од своите грешки). |
| **Време** | 2.5 часа |
| **Забелешки** | Доколку е технички изводливо, идеално е да се снима секвенцата од советување (неопходно: трипод и камера) |

| АКТИВНОСТ | *СЕКВЕНЦА ОД СОВЕТУВАЊЕ – ПРВОТО ПОЛЕ* |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Обучувач 1 ја објаснува задачата. За време на работата во групи, двајцата обучувачи се достапни цело време, движејќи се наоколу и помагајќи со суптилни коментари. Доколку има потреба, обучувачите можат да го сопрат советувањето и да го пренасочат поинаку. Обучувачите се договараат на кој начин да се движат помеѓу групите со цел секоја од нив да добие приближно еднаков инпут од обучувачите. |
| **Методи и напатствија** | Учесниците остануваат во мали национални тимови (од тројца) во кои започнале да работат во фазата помеѓу модулите. Секој презема по една улога: советник, советувано лице и набљудувач. Задачата е да се симулира советување за едно поле (45 минути). Потоа се дискутира во самата група. Акцентот е ставен на комуникацијата, на улогата на советникот, на водењето белешки и на поставувањето прашања (30 минути).<br>По враќањето во пленум, секоја од групите се поканува да извести за своето искуство во време од максимално 4 минути. Обучувачите се воздржуваат од коментари но ги слушаат учесниците и нивната дискусија и водат белешки за да ги евалуираат учесниците и да ја водат подоцнежната дискусија. Обучувачите обрнуваат внимание на фактот дека групите имаат по 4 минути време за известување (околу 20 минути вкупно). |
| **Време** | 2.5 часа |
| **Забелешки** | Обучувачите мора да бидат вклучени во активноста, бидејќи тие „лебдат“ во просторијата и интервенираат по потреба. Водат белешки за подоцна да дадат свое мислење и да ја водат дискусијата. |

## Ден 5: Цели и активности

Цели на Ден 5:

- » Учесниците ги разбираат придобивките од водењето белешки, визуелизацијата, движењето, раскажувањето приказни и други (самостојно развиени или пак веќе постоечки) алатки за работа со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*,
- » Ја разбираат важноста на поставувањето граници при советувањето
- » Прават разлика помеѓу директивен и недирективен пристап во советувањето и неговите елементи,
- » Познаваат систематски пристап во советувањето,
- » Користат различни методи и техники за работа со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*,
- » Рефлектираат за процесот на советувањето и компетенциите и за улогата на советниците.

| АКТИВНОСТ | ***СЕКВЕНЦА НА СОВЕТУВАЊЕ – ВТОРОТО ПОЛЕ*** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Исто како во активноста „Секвенца на советување – првото поле“ (види погоре). |
| **Методи и напатствија** | Учесниците добиваат неколку фотографии, ливче со темите од претходниот ден и добиваат задача за време на паузата за кафе во своите чанти или багаж да најдат некои предмети кои би можело да се искористат за да се започне разговор или советување. Учесниците остануваат во национални групи но ги менуваат улогите (советник, советувано лице, набљудувач).<br><br>Започнуваат со советување за ново поле на активност (не може да биде полето кое што претходно веќе го избрал учесникот што бил советуваното лице, туку мора да биде различно!). Советување во времетраење од 45 минути, фидбек во групата од 15 минути и враќање во пленум. Кус извештај од 5-те групи за направената вежба. Обучувачите обрнуваат внимание на фактот дека групите имаат по 5 минути време за известување, додека пак последните 5 минути обучувачите ги користат за да ги прашаат учесниците дали забележале некаква разлика од советувањето од претходниот ден и дали гледаат напредок.<br><br>Подоцна, по паузата, учесниците се поканувaат да изнесат теми што ги засегаат, предизвици со кои што се соочиле за време на двете претходни вежби за советување или сметаат дека ќе ги имаат при советувањето, што им пречи или пак ги загрижува. Се води дискусија околу можните решенија, доколку е потребно, да се охрабрат учесниците да им дадат сугестии на колегите како да се справат со предизвик, доколку некој од учесниците спомене.<br><br>Обучувачите ја модерираат и водат дискусијата, ги охрабруваат учесниците да се вклучат, ги сумираат заклучоците и доколку е потребно, дополнително коментираат. Најважно е да се истакне дека „не постои рецепт“ што треба или може да се следи слепо. Се охрабрува колаборативен пристап, советување меѓу учесниците и супервизија. |
| **Време** | 3 часа |
| **Забелешки** | Обучувачите мора да бидат вклучени во активноста, бидејќи тие лебдат во просторијата и интервенираат во групната работа, доколку е потребно. Водат белешки за подоцна да дадат фидбек и за да ја водат пленарната дискусија. |

| АКТИВНОСТ | ***(НЕ)ПОСТАВУВАЊЕ ГРАНИЦИ – ИГРА НА УЛОГИ*** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Двајцата обучувачи фасилитираат |
| **Методи и напатствија** | Обучувачите изведуваат кратка секвенца на советување каде советуваното лице преминува граници како што се на пример, задоцнува на советување, не се придржува на договорот, носи подароци, предлага вечерни излегувања итн. Советникот треба да нема решение на овие предизвици и безуспешно да се обидува да го врати разговорот на самото советување.<br><br>Можните решенија се дискутираат со учесниците, се воведуваат концептите на директен и не-директен пристап, системско советување. Учесниците се потсетуваат на вербалната и невербалната комуникација, улогата на советникот, договорот за советување, контролата на процесот на советување, мета-ниво, начини на поставување граници и матрикс на компетенции на самиот советник кој е развиен во првиот модул. Постојано се унапредува профилот на советникот со фактот дека секој нов предизвик е научена лекција. |
| **Време** | 1 час |
| **Забелешки** | Малку измешајте ги зборовите и пренагласете ја оваа игра на улоги, но не премногу. Целта не е да биде смешно, туку да се забележат „грешките“ во советувањето и поставувањето граници. |

| АКТИВНОСТ | ***СЕКВЕНЦА НА СОВЕТУВАЊЕ – ТРЕТО ПОЛЕ*** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Исто како во активноста „Секвенца на советување- Прво поле“ (види погоре). |
| **Методи и напатствија** | Учесниците започнуваат ново советување, остануваат во национални групи но ги менуваат улогите (советник, советувано лице и набљудувач). Ново поле на активност (неможе да биде полето на активност во националната група избрано од учесникот кој имаше улога на советувано лице, мора да биде различно!). Советување од 45 минути, повратна информација до групата 15 минути, враќање во пленумот после тоа. Краток извештај од 5 групи на претходното искуство.<br><br>Обучувачите обрнуваат внимание на фактот дека групите имаат 5 минути за извештајот, последните 5 минути се употребуваат за обучувачите да ги запрашаат учесниците што беше различно од претходниот ден на советување, дали тие гледаат некаков вид напредок. |
| **Време** | 1.5 час |
| **Забелешки** | Обучувачите мораат да бидат вклучени во активноста, така што тие „лебдат“ наоколу во просторијата и интервенираат само доколку е тоа потребно во текот на групната работа. Тие пишуваат забелешки и даваат повратна информација подоцна во текот на пленарната дискусија. |

## Ден 6: Цели и Активности

Цели за ден 6:

- Учесниците ја знаат структурата и целта на *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*, и
- Запознаени се со техниките за сумирање и креирање сертификат од *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*.

| АКТИВНОСТ | ***СУМИРАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА ТРИТЕ КОМПЛЕТИРАНИ ПОЛИЊА/ КРЕИРАЊЕ СЕРТИФИКАТ*** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Фасилитираат двајцата обучувачи. Обучувачите се достапни во просторијата за дополнителни појаснувања додека учесниците работат и тие ги обиколуваат учесниците, ја следат нивната работа и одговараат на евентуалните прашања. |
| **Методи и напатствија** | За оваа активност, три комплетирани полиња во три различни ProfilPASS во три национални групи ќе бидат сметани како три комплетирани полиња во еден ProfilPASS. Неопходно е да се подготви лист за сумарни резултати и сертификат (1.5 час за групна работа во националните групи).<br><br>Обучувачот 2 ја започнува дискусијата со сет прашања, а обучувачот 1 се вклучува доколку е потребно. Прашањата вклучуваат: Кој беше вашиот најголем проблем при сумирањето? Зошто мислите дека сумирањето е завршено? Дали сумирањето ви помогна да креирате сертификат? Што е со моите силни страни? Дали беше тешко да се формулира сертификат? Дали проверивте дали некој беше преценет или потценет во текот на претходната евалуација?<br><br>Обучувачите ги ревидираат сумарните листови/сертификати и ги даваат своите коментари. Обучувачите се фокусираат на употребата на вештините евалуирани со А и Б во сумарните листови кога се прават идните чекори, на пример, животната линија во иднина, тие исто така ја нагласуваат можноста за употреба на контролни прашања при креирањето на сумарните листови за да се одреди дали претходната евалуација била коректно спроведена. |
| **Време** | 2 часа |
| **Забелешки** | Материјали: 5 копии за 5 групи од ProfilPASS за сумирање и сертификат (графикони за полиња на активности, мои силни страни и силни обележја, формат за сертификат од ProfilPASS), пенкала, дополнителни листови за пишување. |

| АКТИВНОСТ | ***СИМУЛИРАЊЕ НА СЕКВЕНЦИТЕ НА СОВЕТУВАЊЕ*** |
|---|---|
| **Задачи на обучувачите** | Двајцата обучувачи го набљудуваат текот на сите секвенци на советување и ги забележуваат нивните наоди. Обучувачите им предлагаат на учесниците да ги забележат и снимат нивните наоди во текот на советувањето на другите групи. |
| **Методи и напатствија** | Во оваа симулација, сите учесници учествуваат во едно советување, поделувајќи ги неговите делови или сесии по национална група како што следи:<br>» Една група треба да ја покаже секвенцата на првото советување во кое е ProfilPASS (15 мин),<br>» Другата група треба да покаже секвенца на советување кога иницијалното советување е направено и ја дефинира целта на советувањето и „потпишува“ договор (15 мин),<br>» Третата група покажува пополнување на едно поле (20 мин),<br>» Четвртата група секвенца на советување каде што се објаснува сумирањето (15 мин) и<br>» Петтата група сесија на финално советување и договор со советуваниот за наредните чекори (20 мин).<br><br>Во рамките на националните групи, учесниците можат да изберат кој ќе биде нивен претставник (советник) и советуваниот се избира по случаен избор од друга национална група. |
| **Време** | 2 часа |
| **Забелешки** | Материјали: Еден ProfilPASS за употреба на сите групи. |

## 2.5. Онлајн Мониторинг 2

Учесниците, во нивните национални групи, го продолжуваат советувањето и комплетирањето на *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* додека најмалку 3 полиња се пополнети во секоја од нивните книги. Учесниците индивидуално го проучуваат CORE- Сетот алатки и во текот на советувањето во националните групи се обидуваат да употребат некои од алатките опишани во сетот алатки и/или ги дискутираат нив во рамките на националните групи. Учесниците ги ротираат улогите на советник, советувано лице и набљудувач сѐ додека секој од нив како советуван не пополни 3 полиња на активност. Ако доаѓаат од ист град, можат да го спроведат советувањето со лично присуство. Ако поткнуваат од различни градови, можат да сповредат советување онлајн (со употреба на алатки како Zoom и Acrobat Reader). Кога секој учесник ќе комплетира три полиња на активности, известува на заедничка сесија со обучувачувачот која трае 120 минути во однапред дефинирано време.

Обучувачите разговараат со учесниците, ја поттикнуваат дискусијата за тоа како полињата во ProfilPASS– започни ја својата кариера се пополнети, ги охрабруваат набљудувачите да известат, ја охрабруваат само-регулацијата на советуваниот и врсничкото советување од советуваните. Дискусијата е полу-структуриран разговор, но така што секој учесник има еднаков дел од времето во 120 минути и доволно простор да ги презентира своите обсервации. Обучувачите го проверуваат нивото на совладаност на сите резултати од учењето низ овој разговор и реагираат доколку е неопходно да се работи на нешто друго.

# 3. CORE- Сет алатки




CORE- Сетот алатки им нуди на советниците можност за наоѓање методи за проценка на компетенции, професионална ориентација како и зајакнување и унапредување кои можат да им помогнат во работата со непривилегираните млади возрасни лица кои не се во работен однос ниту пак се во образование или обука (NEET; Кратенка од англискиот Not in Employment, Education or Training). Овие методи се соодветни за младите NEET возрасни и имаат за цел да им помогнат да се вратат (назад) во образованието и/или вработувањето. Специјален фокус во CORE- Сетот алатки е да ги адресира советниците од Западен Балкан, каде што NEET стапките се особено високи и таргетирано советување е повеќе од потребно (видете Сеопфатен извештај за идентификување на потреби). Сите методи во сетот алатки се опишани во таканаречените 'Листи со факти' кои ги обединуваат најважните информации за алатката на една страна.

*ProfilPASS – започни ја својата кариера!* е клучна компонента на сетот алатки. Со цел да ги задоволи потребите на младите NEET возрасни, веќе постоечкиот ProfilPASS (за млади луѓе) беше адаптиран со цел посоодветно да ги задоволи нивните потреби.




Покрај специфичиот инструмент ProfilPASS– започни ја својата кариера!, CORE- Сетот алатки е колекција на дополнителни инструменти за проценка на компетенции кои се соодветни за NEET. Овие алатки се опишани во поглавјето 'Алатки за проценка на компетенции'.

Истражувањето на (идните) карерни и/или образовни патишта е многу важен дел во советувањето на младите NEET возрасни. ProfilPASS– започни ја својата кариера! ја опфаќа оваа потреба преку фокусирање повеќе на истражување на кариерата и процесите на барање работа, помеѓу другите работи. CORE- Сетот алатки обезбедува дополнителни алатки за поддршка на ова кариерно советување кои се објаснети во поглавјето 'Алатки за професионална ориентација и кариерно водство'.

Со цел и понатаму да ги поддржи советниците во нивната работа со целната група, CORE- Сетот алатки исто така вклучува дополнителни ресурси како прирачници, водичи и материјали за учење кои се опишани во поглавјето 'Алатки за зајакнување и унапредување на NEET'. Овие алатки се фокусираат воглавно на усвојување релевантни компетенции и со тоа на зајакнување на вработливоста н NEET.

Иако младите NEET возрасни имаат слична потреба за водство и советување за да го најдат патот (назад) во образование и/или вработување тие покажуваат голема доза на хетерогеност во нивните индивидуални ситуации, потреби и фактори на ризик за долгорочна невработеност. Затоа, материјалите избрани во сетот алатки можат да се однесуваат на различни под-групи на NEET, како мигранти, ниско образовно ниво (на пример, осипани), потешкотии во учењето, семејни обврски (на пример, млади мајки) за да се покријат различните потреби.

Во последното поглавје 'Дополнителна поддршка за советници и NEET' CORE- Сетот алатки ги сумира од една страна можностите за советниците да ги рефлектираат и да ги промовираат нивните компетенции, и од друга страна, достапните програми за NEET во Балканскиот регион за стекнување работно искуство.

CORE- Сетот алатки може да се најде и превземе на официјалната веб страна на CORE проектот: https://core.profilpass-international.eu/

# 4. Прирачник за советници

Прирачникот за советници ги адресира советниците кои работат со млади NEET возрасни, да им помогнат да се вратат (назад) во вработувањето, образованието и/или обуката. Главната цел на Прирачникот за советници е да ги поддржи во нивната работа со CORE- Сетот алатки и *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*. Тој им дава позадинска информација за развојот и целите на CORE-Сетот алатки и со ProfilPASS- започни ја својата кариера!. Прирачникот служи како основна ориентациона рамка за тоа како сетот алатки може да се употребува на најдобар можен начин и да остане флексибилен и отворен на потребните индивидуални прилагодувања.

Прирачникот за советници во рамките на CORE проектот и како дел од сетот алатки е поделен на четири главни поглавја:

» Првото поглавје го претставува CORE проектот и дава информации за целните групи кои ги адресира.

» Второто поглавје содржи позадинска информација, причини и цели на CORE-Сетот алатки. Тоа накратко го сумира методолошкиот пристап на проектот (од фазата на истражување до развојот на сетот алатки).

» Третото поглавје ја опишува структурата на CORE- Сетот алатки и како тој се употребува во праксата.

» Последното поглавје на Прирачникот за советници го надополнува CORE- Сетот алатки преку обезбедување детални информации за ProfilPASS- започни ја својата кариера!. Тоа накратко ја објаснува структурата и содржината, како да се работи со оваа алатка за проценка на компетенции и како таа беше адаптирана на потребите на младите NEET возрасни.

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не значи и поддржување на содржината и истата ги рефлектира само ставовите на авторите, така што Комисијата не сноси одговорност за користењето на информациите што таа ги содржи.

Овој проект е финансиран од Европската комисија преку програмата Еразмус+ (KA204 – Стратегиски партнерства за образование на возрасни)

Код на проектот: 2019-1-DE02-KA204-006193

CORE-курикулумот од проектот CORE е лиценциран како
CC BY-SA 4.0

Изработено во септември 2020

Илустрација на корицата:
Малена Бранд

Графичка подготовка и илустрации:
Борис Ристовски

Координатор на публикацијата:
Здружение за развој на компетенции “S.K.I.L.L.S.”

ProfilPASS
CORE